**Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година**

1. Наставниот процес и воспитно - образовната работа во учебната 2021/2022 година се реализира со физичко присуство во училиштето.
2. Првиот ден од наставата задолжително започнува со упатства за сите учениците за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да носат маски, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.
3. Училиштето за влез и излез на учениците ги става во функција сите влезови на училишната зграда.
4. На влезот во училиштето, во ходниците и во училниците задолжително се поставуваат едукативно-информативни материјали и насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето.
5. На влезот во училиштето се поставуваат средства за дезинфекција, како и во училниците и другите простории.
6. Влегување во училиштето е дозволено само со задолжително користење на заштитна маска и дезинфекција на рацете за сите вработени и ученици во училиштето. За време на големиот одмор носењето на маски на отворен простор не е задолжително, но со почитување на потребното растојание меѓу учениците.
7. За контролиран влез и излез во/од училиштето, пред и внатре во училиштето, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот, задолжително спроведување на дезинфекција и носење на заштитни маски и одржување на потребното растојание меѓу учениците. За време на големиот одмор, редарска служба се организира и во училишниот двор. Редарите се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на средното училиште.
8. На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37.4°) вработениот се упатува кај матичен лекар.
9. На учениците пред влезот на училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на зголемена телесна температура (над 37.4°) не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
10. Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните или личните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.
11. Се дозволува учениците со посебни потреби или со пречки во развојот, кај кои носењето на лична заштита на лицето при реализацијата на воспитно образовниот процес би било проблематично или контраиндицирано, да бидат ослободени од носење на лична заштита (заштитна маска), со претходно доставена медицинска потврда од лекар.
12. Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците.

13. Учениците и вработените кои до училиштето користат јавен превоз го почитуваат протоколот за превоз на патници во јавниот сообраќај.
14. Наставниците треба да избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничката канцеларија и задолжително запазуваат физичка дистанца и носење на заштитна маска/прекривка на лице.
15. Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку онлајн апликација, којашто ќе ја договорат родителите и наставниците, или доколку дозволуваат временските услови на отворено.
16. Просториите задолжително се проветруваат после секој наставен час, најмалку половина час пред пристигнувањето и по заминувањето на учениците, а доколку дозволуваат временските услови, пожелно е да се остави отворен прозорец за време на наставниот час.
17. Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците, се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден. Училиштето изготвува листа на сите површини кои треба редовно да бидат чистени.
18. За реализација на практичната обука и учењето преку работа, училиштето изготвува распоред за користење на училишните капацитети кој го истакнува на видно место во училиштето. Користењето на училишните капацитети е со задолжително почитување на сите протоколи за безбедност на учениците.
19. Учениците и одговорните наставници задолжително ги почитуваат протоколите на компаниите (во погоните, хигиенско-санитарните објекти, одделот за исхрана и сите други делови каде што може да се движат учениците во компанијата).
20. Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории препорачливо е да биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на ученици од различни паралелки за што училиштето однапред подготвува распоред.
21. Употребата на тоалетите се организира со присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот којшто е внатре) и тоа за време на наставните часови за што учениците се благовремено информирани.
22. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.
23. Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, во време кога учениците се во училишниот двор за време на училишните одмори и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство од производителот.
24. Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат пред започнување на наставата, за време на наставата и по завршувањето на сите училишни активности.
25. Чистењето на фискултурната сала, спортските игралишта, соблекувалните и другите помошни простории, се врши по користењето од страна на секоја група ученици.
26. Треба да се избегнува влегување на други лица (на пример, за чистење, поправка или внесување храна) во училниците сè додека учениците се наоѓаат во нив, како и влегување во училишната зграда на лица кои не се вработени во училиштето или деца кои не се ученици на тоа училиште, со исклучок на претставниците на Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, Државен просветен инспекторат или други државни органи

кои спроведуваат надзор над спроведувањето на прописите и законите од областа на образованието и здравствената заштита.

27. Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска, а директорот треба да воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.
28. Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
29. Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД-19, се следат протоколите од Министерството за здравство за тој ученик, а училиштето врши консултации со Центарот за јавно здравје, за натамошно постапување со паралелката на која припаѓа ученикот.

**Напомена: Овој протокол важи и за Државните средни училишта за средно образование за ученици со посебни образовни потреби со интернатско сместување, средно уметничко образование, спортската гимназија и спортската академија со дополнителните мерки за заштита од КОВИД-19 согласно спецификте на воспитно-образовната дејност и услуги кои ги испорачуваат.**